**МАТЕРИО**

**РЕФЕРЕНТНА ПОНУДА ЗА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА**

**на**

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД**

Мај, 2008 година

Верзија 1.6

**МАТЕРИО**

**СОДРЖИНА**

**I. ВОВЕД .....5**

**I.1 Правна основа..... 5**
**I.2 Структура на МАТЕРИО ..... 5**
**I.3 Дефиниции..... 5**

**II. ЦЕЛ И ДЕЛОКРУГ НА МАТЕРИО.....5**

**II.1 Цел на МАТЕРИО ..... 5**
**II.2 Делокруг на МАТЕРИО ..... 5**
II.2.1 Времетраење на валидноста на МАТЕРИО..... 6
II.2.2 Страни на кои се однесува МАТЕРИО ..... 6
II.2.3 Географска област во која се применува МАТЕРИО ..... 6
II.2.4 Предмет на МАТЕРИО..... 6

**III. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР.....7**

**III.1 Барање За Интерконекција од страна на Партнерот..... 7**
III.1.1 Место, начин и време на поднесување на Барањето За Интерконекција..... 7
III.1.2 Содржина на Барањето За Интерконекција ..... 8
III.1.3 Разгледување на Барањето За Интерконекција од страна на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД ..... 8
III.1.4 Одбивање на Барањето За Интерконекција на Партнерот..... 9
**III.2 Започнување на преговорите за склучување договор ..... 10**
III.2.1 Нацрт кој се користи во преговорите за склучување договор..... 10
III.2.2 Започнување на преговорите за склучување договор ..... 10
**III.3 Водење на преговорите за склучување договор ..... 10**
III.3.1 Цел на преговорите за склучување договор..... 10
III.3.2 Распоред на преговорите за склучување договор..... 10
III.3.3 Место на преговори за склучување на договор ..... 11
III.3.4 Записник од преговорите ..... 11
III.3.5 Затворање на преговорите за склучување на договор и почеток на обезбедување на Услуги..... 12

**IV. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА .....12**

**IV.1 Модел на Интерконекција..... 12**
**IV.2 Технички решенија за Интерконекција ..... 12**

**V. БАРАЊЕ, НАРАЧУВАЊЕ И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА.....13**

**V.1 Барања и нарачки..... 13**
V.1.1 Видови на барања ..... 13
V.1.2 Термин за поднесување на Барање ..... 13
**V.2 Предвидување на барања за капацитет на Телефонски Интерконекциски Линкови и Сигнализациски Кола, нарачување и обезбедување ..... 13**
V.2.1 Предвидувања ..... 13
V.2.2 Изготвување на Распореди За Имплементација ..... 13

V.2.3 Нарачување и откажување на Телефонски Интерконекциски Линкови и Сигнализациски Кола ..... 13
**V.3 Нарачување и обезбедување на Услуги За Сообраќај и Услуги За Избор На Оператор ..... 14**
V.3.1 Нарачување на Услуги За Сообраќај ..... 14
V.3.2 Нарачување на Услуги За Избор На Оператор ..... 14
**V.4 Процедура за примопредавање ..... 15**
V.4.1 Тестови За Примопредавање ..... 15
V.4.2 Потреба од Тестови За Примопредавање ..... 15
V.4.3 Неопходни временски периоди за извршување на Тестовите За Примопредавање 16
V.4.4 Надоместоци за Тестовите За Примопредавање ..... 16
**V.5 Започнување на сообраќај и фактурирање ..... 17**
V.5.1 Прифаќање на Услуги ..... 17
V.5.2 Телефонски Интерконекциски Линкови ..... 17
V.5.3 Услуга За Сообраќај и Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор... 17
V.5.4 Услуга За Поставување На Предизбран Оператор ..... 17

**VI. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ГРЕШКИ ....17**

**VI.1 Општи обврски за управување и одржување ..... 17**
**VI.2 Извршување на предвиденото Планирано Одржување ..... 17**
**VI.3 Обврски за отстранување на грешки ..... 18**
**VI.4 Барања за квалитет ..... 18**

**VII. КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ УСЛОВИ ..... 18**

**VII.1 Пресметка, фактурирање и плаќање ..... 18**
VII.1.1 Пресметка ..... 18
VII.1.2 Фактурирање ..... 18
VII.1.3 Плаќање ..... 18
VII.1.4 Приговор по фактура ..... 20
**VII.2 Ограничувања на Услуга(и) ..... 20**
VII.2.1 Прекин на Услуга(и) ..... 20
VII.2.2 Привремено исклучување ..... 21
**VII.3 Прекршување на договорот и правни последици ..... 21**
VII.3.1 Прекршување на договор ..... 21
VII.3.2 Општи правни последици ..... 21
VII.3.3 Пенали ..... 22
**VII.4 Делокруг на Договорот За Интерконекција ..... 22**
VII.4.1 Важност ..... 22
VII.4.2 Географско подрачје на примена ..... 23
**VII.5 Измени и дополнувања на Договорот За Интерконекција ..... 23**
VII.5.1 Измени и дополнувања на барање на Македонски Телеком АД ..... 23
VII.5.2 Измени и дополнувања на барање на било која Страна ..... 23
**VII.6 Раскинување на Договор За Интерконекција ..... 24**
VII.6.1 Начини на раскинување ..... 24
VII.6.2 Редовно раскинување ..... 24
VII.6.3 Вонредно раскинување ..... 24
VII.6.4 Меѓусебна спогодба ..... 25

## Прилози и Додатоци:

### Прилог 1: Дефиниции и Толкувања

### Прилог 2: Можности за Интерконекција

**Прилог 2.А**: Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД
**Прилог 2.Б**: Географски Локации на Регионалните и Локалните Точки На Присуство на Македонски Телеком АД
**Прилог 2.В**: Колокациски Места Понудени Македонски Телеком АД
**Прилог 2. Г**: Рутирачки Броеви на Станици на Службата за Итни Повици

### Прилог 3: Опис на Услуги

**Прилог 3.А**: Опис на Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк
**Прилог 3. Б**: Опис на Основни Услуги за Сообраќај
**Прилог 3. В**: Опис на Услуги за Поддршка
**Прилог 3. Г**: Опис на Дополнителни Услуги
**Прилог 3. Д**: Опис на Услуги За Избор На Оператор

### Прилог 4: Општи Технички Параметри, Услови и Барања

**Прилог 4.А**: Барања за Пренос и Синхронизација на Телефонски Интерконекциски Линкови
**Прилог 4. Б**: Барања на Системот за Сигнализација за Интерконекциски Централи
**Прилог 4. В**: Барања за Рутирање и Управување со Сообраќај преку Интерконекциски Централи
**Прилог 4. Г**: Барања за Управување со Телефонски Броеви

### Прилог 5: Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови

### Прилог 6: Опис на Тестови За Примопредавање

### Прилог 7: Соработка во Управување, Одржување и Отстранување на Грешки

**Прилог 7.А**: Планирано Одржување
**Прилог 7. Б**: Управување со Грешки

### Прилог 8: Надоместоци, Фактурирање

**Прилог 8.А**: Принципи на Наплата
**Прилог 8.Б**: Надоместоци
**Прилог 8.В**: Пресметување на Надоместоци За Услуги
**Прилог 8.Г**: Услови за Обезбедување и Обновување на Банкарска Гаранција
**Прилог 8 Д**: Решавање на Приговори по Сметки

### Додаток I: Формулари

**Додаток I.А**: Формулар за Предвидување За Капацитет
**Додаток I. Б**: Формулар за Предвидување За Начинот На Интерконекција
**Додаток I. В**: Формулар за Изјава За Доверливост
**Додаток I. Г**: Формулар за Изјава Од Претплатник
**Додаток I. Д**: Формулар за Банкарска Гаранција

### Додатокот II: Спецификација за Национален No.7 Систем За Сигнализација

# I. ВОВЕД

## I.1 Правна основа

**I.1.1** Според Законот за Електронски Комуникации, оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ склучува Договор За Интерконекција со условите дефинирани во неговата референтна понуда за интерконекција, кога е подготвено финансиски и технички разумно барање.

**I.1.2** Согласно Членовите 146 (2) а) и 45 (2) од Законот за Електронски Комуникации операторот на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ меѓу другите на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги треба да подготви референтна понуда за интерконекција.

**I.1.3** Македонски Телекомуникации (во понатамошниот текст „Македонски Телеком АД”), според Член 146 (1) од Законот за Електронски Комуникации, е дефиниран како оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ меѓу другите на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги.

## I.2 Структура на МАТЕРИО

**I.2.1** МАТЕРИО се состои од:

**а)** главен текст,

**б)** Прилозите кои се наведени во Содржината и

**в)** Додаток II кој е наведен во Содржината

кои се составен дел од МАТЕРИО.

**I.2.2** Додатокот I приложен кон МАТЕРИО - наведен во Содржината - не е составен дел од МАТЕРИО и е даден само за информација. Македонски Телеком АД ги прифаќа документите поднесени од страна на Партнерот за склучување на договор а кои се разликуваат по форма од Формуларите прикажани во Додатокот I и наведени во МАТЕРИО, ако имаат иста содржина.

## I.3 Дефиниции

Термините користени во МАТЕРИО и нивните дефиниции се дадени во Прилог 1 (Дефиниции и Толкувања).

# II. ЦЕЛ И ДЕЛОКРУГ НА МАТЕРИО

## II.1 Цел на МАТЕРИО

Целта на МАТЕРИО е да ги утврди

**а)** правилата на процедурата која треба да се изврши кога Барање За Интерконекција е поднесено од страна на Партнер до Македонски Телеком АД;

**б)** правилата кои се применуваат на договорот за интерконекција (во понатамошниот текст ‘Договор За Интерконекција’) кој се склучува според условите утврдени во МАТЕРИО и правилата кои се применуваат за имплементација на Интерконекција врз основа на склучен Договор За Интерконекција согласно условите на МАТЕРИО.

## II.2 Делокруг на МАТЕРИО

### II.2.1 Времетраење на валидноста на МАТЕРИО

**II.2.1.1** МАТЕРИО стапува на сила на датумот кога Македонски Телеком АД ќе ја прими конечната одлука на АЕК за одобрување на МАТЕРИО и е валидна во својата сегашна форма се до датумот кога измените и дополнувањата подоцна одобрени од АЕК стапуваат на сила. Цените се применуваат од првиот календарски ден од месецот кој следи по датумот на прием на одобрението од АЕК за измени и дополнување на МАТЕРИО.

**II.2.1.2** Доколку АЕК утврди дека Македонски Телеком АД повеќе не е оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги, тогаш МАТЕРИО истекува на 30-иот (триесетиот) календарски ден од датумот на донесување на конечна одлука за ова прашање. Во таков случај, од датумот на донесената одлука, Македонски Телеком АД нема да биде обврзан да продолжи преговори врз основа на важечката МАТЕРИО дури и во случај Страната Барател да доставила барање пред усвојувањето на одлуката со која се утврдува дека Македонски Телеком АД повеќе не е оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги.

### II.2.2 Страни на кои се однесува МАТЕРИО

МАТЕРИО се применува на сите Партнери кои имаат право да користат (со право да градат, поседуваат, изнајмуваат и работат) Електронска Комуникациска Мрежа.

### II.2.3 Географска област во која се применува МАТЕРИО

МАТЕРИО се применува во зоните идентификувани во Прилог 2.А (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД).

### II.2.4 Предмет на МАТЕРИО

#### II.2.4.1 Телефонски Интерконекциски Линк обезбеден од Македонски Телеком АД

**II.2.4.1.1** Македонски Телеком АД (како Давател На Услуги) обезбедува Интерконекција на Мрежите за Партнерот (како Страна Барател) во следните форми:

**а)** Блиска Интерконкеција:

Близок Телефонски Интерконекциски Линк инсталиран во рамките на Договорот за Интерконекција - согласно условите дефинирани во Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк).

**б)** Далечна Интерконекција:

Далечен Телефонски Интерконекциски Линк инсталиран во рамките на Договорот За Интерконекција - согласно условите дефинирани во Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк).

**II.2.4.1.2** Македонски Телеком АД не смее да го користи Телефонскиот Интерконекциски Линк што го обезбедува за пренос на Сообраќај за Услугата За Избор На Оператор на Партнерот, за Услугата За Избор На Оператор која Македонски Телеком АД ја има побарано од Партнерот.

#### II.2.4.2 Услуги За Сообраќај и Избор На Оператор

**II.2.4.2.1** Партнерот може да ги користи следните Услуги обезбедени од страна на Македонски Телеком АД кои се предмет на поднесување на соодветни Барања од страна на Партнерот:

**а)** Услуги За Сообраќај:

**и)** Основни Услуги За Сообраќај;

**А)** Услуги За Оригинирање На Повик:

**И)** Услуга За Локално Оригинирање На Повик;

**ИИ)** Услуга За Регионално Оригинирање На Повик;

**Б)** Услуги За Терминирање На Повик:

**И**) Услуга За Локално Терминирање На Повик;
**ИИ**) Услуга За Регионално Терминирање На Повик;
**ИИИ**) Услуга За Национално Терминирање На Повик;

**ии)** Услуги За Поддршка;
**иии)** Дополнителни Услуги; и

**б)** Услуги За Избор На Оператор.

**II.2.4.2.2** Македонски Телеком АД може да ги користи следните Услуги обезбедени од страна на Партнерот кои се предмет на поднесување на соодветни Барања од страна на Македонски Телеком АД:

**а)** Услуги За Сообраќај:

**и)** Основни Услуги За Сообраќај кои можат да бидат достапни и во Мрежата На Партнерот; и
**ии)** Услуги За Поддршка и Дополнителни Услуги кои може да ги обезбедува и Партнерот;

**б)** Услуги За Избор На Оператор, доколку Партнерот има сопствено нумерациско подрачје и Претплатници на истото.

**II.2.4.2.3** Страните меѓусебно ќе обезбедуваат Услуги За Сообраќај, Услуги За Избор На Оператор со содржина на услугите опишана во соодветните делови на Прилог 3 (Опис на Услуги), во согласност со соодветните услови дефинирани во Договорот За Интерконекција.

## III. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР

### III.1 Барање За Интерконекција од страна на Партнерот

### III.1.1 Место, начин и време на поднесување на Барањето За Интерконекција

Партнерот може да поднесе Барање За Интерконкеција до Македонски Телеком АД за склучување на Договор За Интерконекција потребен за обезбедување на неговите сопствени Јавни Телефонски Услуги на следните места и во следната форма:

| **Начин на доставување** | **Адреса на која треба да се достави** | **Потврда за прием** | **Време на прием** |
|---|---|---|---|
| писмо со потврда за прием | Македонски Телеком АД, Деловен Центар за Домашни Оператори<br><br>Орце Николов бб, 1000 Скопје | потврда за прием | време прикажано на потврдата за прием |
| лична достава<br><br>(работни денови 09.00-15.00 часот) | Македонски Телеком АД, Деловен Центар за Домашни Оператори<br><br>Орце Николов бб, 1000 Скопје<br><br>Стара Дирекција, трети кат | време прикажано на потврдата за прием потпишана од овластеното лице вработено во Македонски Телеком АД | време прикажано на потврдата за прием |
| факс | број на факс: 02/3286- | потврда за | - денот на прием, доколку е примен пред |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 326 | испраќање од факс апарат | 15.00 часот<br>- следниот работен ден, доколку е примен по 15.00 часот |
| e-mail | interconnection@Makedonski Telekom AD.com.mk | порака вратена од страна на Македонски Телеком АД со непроменета содржина | Денот на враќање на пораката од страна на Македонски Телеком АД, но најдоцна следниот работен ден по приемот |

### III.1.2 Содржина на Барањето За Интерконекција

#### III.1.2.1 Примероци од документи кои треба да се приложат

Партнерот треба да ги приложи следните документи во Барањето За Интерконекција кое се поднесува до Македонски Телеком АД:

**а)** писмена потврда за регистрација на нотификацијата на Партнерот донесена од АЕК во согласност со одредбите на Законот за Електронски Комуникации;
**б)** примерок од регистрацијата на Партнерот во Трговскиот Регистар кого го водат судовите определени согласно Законот за судовите;

#### III.1.2.2 Изјави кои треба да се приложат

Партнерот треба да ги приложи следните изјави во Барањето За Интерконекција кое се поднесува до Македонски Телеком АД:

**а)** Изјава на Партнерот за разбирање и прифаќање на условите и барањата дефинирани во МАТЕРИО (вклучувајќи ги Прилозите);
**б)** Изјава за намерата на Партнерот за склучување на Договор За Интерконекција со Македонски Телеком АД и превземање на обврската за плаќање на надоместоците поврзани со склучувањето и реализацијата на Договорот За Интерконекција;
**в)** Изјава за обезбедување на параметрите за интерфејс и квалитет на страната на Партнерот дефинирани во Прилог 4.А (Барања за Пренос и Синхронизација на Телефонски Интерконекциски Линкови);
**г)** Формулар со изјава за доверливост - даден во Додаток I.В (Формулар за Изјава За Доверливост) - во 2 (два) примероци.

#### III.1.2.3 Податоци и информации кои треба да се обезбедат

Барањето за Интерконекција кое се поднесува до Македонски Телеком АД треба да ги вклучува барем следните податоци и информации:

**а)** Спецификација со опис на Јавните Телефонски Услуги на Партнерот за чие обезбедување се бара Интерконекција;
**б)** Услугите кои Партнерот планира да ги користи од делокругот на услуги кои се нудат во МАТЕРИО;
**в)** Географска Локација На Интерконекциските Точки кои се бараат од страна на Партнерот;
**г)** Идентификација на Колокациското Место(а) кои се бараат од страна на Партнерот врз основа на Прилог 2.В (Колокациски Места Понудени од Македонски Телеком АД) преку пополнување на Додаток I.Б (Формулар за Предвидување За Начинот На Интерконекција);
**д)** Идентификација на местото/местата за инсталација на Интерконекциска Точка во случај на Далечна Интерконекција кои се нудат на Македонски Телеком АД од страна на Парнерот;
**ѓ)** Предвидување За Капацитет и Предвидување За Сообраќај направени од страна на Партнерот во согласност со Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови) преку користење на Додаток I.А (Формулар за Предвидување За Капацитет) за Предвидување За Капацитет;
**е)** Спецификација на опремата за Интерконекциска Централа на Партнерот (хардверска верзија, хардверски модули, софтверска верзија);
**ж)** Правила за рутирање на Сообраќај кои Партнерот ги нуди во сопствената Мрежа.

### III.1.3 Разгледување на Барањето За Интерконекција од страна на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ

**III.1.3.1** По приемот на Барањето За Интерконекција поднесено од Партнерот, Македонски Телеком АД ќе го разгледа истото.

**III.1.3.2** Барањето За Интерконекција ќе се смета за соодветно доколку

**а)** Партнерот ги исполнува условите за Интерконекција во согласност со Точка III.1.3.3 дадена во продолжение; и
**б)** Барањето За Интерконекција е комплетно во согласност со Точка III.1.3.4 дадена во продолжение; и
**в)** Барањето За Интерконекција поднесено од Партнерот е технички и финансиски оправдано во согласност со Точка III.1.3.5 дадена во продолжение.

**III.1.3.3** Ќе се смета дека Партнерот има право на Интерконекција доколку Партнерот поседува писмена потврда за регистрација на нотификацијата согласно ЗЕК.

**III.1.3.4** Барањето За Интерконекција ќе се смета за комплетно доколку ги содржи сите документи, изјави и информации со содржина која е дефинирана во Точка III.1.2 дадена претходно.

**III.1.3.5** Барањето За Интерконекцијата поднесено од Партнерот ќе се смета за технички и финансиски оправдано доколку

**а)** Интерконекциската Точка(и) побарана од Партнерот може да се имплементира на еден од начините опишани во продолжение:

**и)** во случај на Физичка Колокација:

**1)** на одбраното Колокациското Место(а) постои слободен Колокациска Единица во Колокациската Просторија кој може да се стави на располагање на Партнерот, или
**2)** на одбраното Колокациско Место може да се изгради нова Колокациска Просторија; и

**ии)** во случаи кога Интерконекциската Точка побарана од Партнерот треба да се инсталира од страна на Македонски Телеком АД во сопствената Точка На Присуство На Партнерот:

Интерконекциската Точка може да биде технички имплементирана во согласност со Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк) и

**б)** предвидениот Сообраќај преку бараната Интерконекциска Точка не претставува прекумерно оптоварување од сообраќај за Мрежата на Македонски Телеком АД и особено не ги загрозува кај Македонски Телеком АД (и кај Телефонскиот Мрежен Оператор кој како трета страна има договорни односи со Македонски Телеком АД)

**и)** безбедноста и одржувањето на интегритетот на неговата мрежа;
**ии)** непреченото обезбедување на услугата од негова страна; или
**иии)** доверливото ракување со информациите кои се пренесуваат или зачувуваат преку него.

**III.1.3.6 Македонски Телеком АД**

**а)** во случај на поднесено комплетно Барање за преговори за Интерконекција:

ќе го извести Партнерот за датумот на започнување на преговорите во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Барањето За Интерконекција; или
**б)** во случај на поднесено некомплетно Барање За Интерконекција:

во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на Барањето За Интерконекција ќе побара од Партнерот да обезбеди дополнителни информации во рок од 15 (петнаесет) дена.

### III.1.4 Одбивање на Барањето За Интерконекција на Партнерот

Македонски Телеком АД ќе го одбие Барањето ЗаИнтерконекција на Партнерот доколку

**а)** документите, изјавите и информациите дефинирани во Точка III.1.2 не се соодветни за потврдување на постоењето на договорна обврска на Македонски Телеком АД, или
**б)** Партнерот не го исполни барањето за доставување на дополнителни податоци во рамките на рокот дефиниран во Точка III.1.3.6 б), или
**в)** барањето За Интерконекција на Партнерот е технички или финансиски неоправдано според

Точка III.1.3.5 и процедурата опишана во Точка III.3.1.2 не довела до резултат – така што Македонски Телеком АД не е обврзан да склучи договор.

## III.2 Започнување на преговорите за склучување договор

### III.2.1 Нацрт кој се користи во преговорите за склучување договор

Македонски Телеком АД истовремено со известувањето до Партнерот за датумот на започнување на преговорите во согласност со Точка III.1.3.6 а) ќе го достави нацрт Договорот За Интерконекција изготвен врз основа на МАТЕРИО, во врска со понудата на Партнерот, што ќе се користи во текот на преговорите за склучување договор.

### III.2.2 Започнување на преговорите за склучување договор

Преговорите за склучување договор помеѓу Страните може да започнат само по доставувањето на нацрт Договорот За Интерконекција од страна на Македонски Телеком АД, изготвен во согласност со Точка III.2.1.

## III.3 Водење на преговорите за склучување договор

### III.3.1 Цел на преговорите за склучување договор

**III.3.1.1** Цел на преговорите е склучување Договор За Интерконекција, вклучувајќи го потребното усогласување пред потпишувањето на договорот.

**III.3.1.2** Доколку Македонски Телеком АД оцени дека Барањето За Интерконекција е технички или финансиски неоправдано и следствено постои сомнение дали постои обврска за склучување на договор, Страните ќе ја применат следната процедура:

**а)** Македонски Телеком АД еднократно ќе испрати писмено известување до Партнерот за причините заради кои Интерконекцијата барана од страна на Партнерот е технички или финансиски неоправдана, како и за можностите за измена на условите на Барањето За Интерконекција кои би довеле до договорна обврска и особено за неопходноста од следното

**и)** користење на дополнителни или помалку Интерконекциски Точки одредени согласно големината и распределбата на Сообраќај дефиниран во Барање За Интерконекција, и/или
**ии)** намалување на обемот на Сообраќај или на одредиштата за услугата за оригинирање на повик/терминирање на повик наведени во барањето за преговори за Интерконекција, и/или
**иии)** измена на рутирањето планирано од страна на Партнерот во неговата сопствена Мрежа.

**б)** Доколку Партнерот во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на известувањето ја измени бараната Интерконекција во согласност со оправданите измени побарани од Македонски Телеком АД содржани во известувањето наведено во подточка а), Страните ќе продолжат со преговорите за склучување договор.
**в)** Доколку Партнерот не ги направи потребните измени во Барањето За Интерконекција во горенаведениот период, Македонски Телеком АД може да го одбие барањето за преговори за Интерконекција на Партнерот.

**III.3.1.3** Во текот на преговорите за склучување договор, условите дефинирани во нацрт Договорот За Интерконекција може да се изменат само доколку предложената измена

**а)** не е спротивна на условите дефинирани во МАТЕРИО;
**б)** не прекршува некој закон или принципот на еднаков третман на друг Телефонскиот Мрежен Оператор; и
**в)** е во интерес и претставува намера на двете Страни.

### III.3.2 Распоред на преговорите за склучување договор

**III.3.2.1** Договорот За Интерконекција ќе биде склучен во период од 15 (петнаесет) дена од известувањето за датумот за започнување на преговорите или дополнителните податоци доставени во согласност со Точка III.1.3.6 б).

Доколку процедурата дефинирана во Точка III.3.1.2 е успешна и доколку Македонски Телеком АД не е принуден да го одбие Барањето за Интерконекцијата поднесено од Партнерот, тогаш договорот ќе биде склучен. Доколку Страните не склучат Договор За Интерконекција во рок од 45 (четириесет и пет) дена од денот на поднесување на Барањето За Интерконекција (вклучувајќи ги сите неопходни податоци дефинирани во Точка III.1.2) било која од Страните може да покрене постапка пред АЕК.

До 31.12.2006 година, во случај Македонски Телеком АД истовремено да спроведува повеќе од (две) процедури за склучување договори, горенаведените периоди ќе се продолжат за 30 (триесет) дена.

**III.3.2.2** Македонски Телеком АД ќе биде на располагање на Партнерот во согласност со процедурата дефинирана во Точките III.3.2.3 до III.3.2.6 во термините утврдени со земање во предвид на

**а)** достапноста на ресурсите во сопственост на Македонски Телеком АД (вклучувајќи го и времето кое се смета за неопходно за вршење подготовки за преговорите, водење на една рунда на преговори и подготовка за следните преговори); и
**б)** постоењето на неговите слични обврски кон друг Телефонски Мрежен Оператор.

**III.3.2.3** Партнерот може да избере за една рунда преговори повеќе од еден термин од термините за преговори понудени од страна на Македонски Телеком АД и договорени на една од контакт точките опишани во Точка III.1.1 со цел да обезбеди успешно избирање на терминот за преговори дефинирано во процедурата која е опишана во Точка III.3.2.5.

**III.3.2.4** Со цел да се обезбедат еднакви можности за другиот Телефонски Мрежен Оператор, постапката за определување на терминот за преговори за склучување на договор ќе се повторува за секоја рунда преговори.

**III.3.2.5** Закажување на конкретен термин за преговори за склучување на договор ќе се врши по редоследот на добивање на такви барања, според следните правила:

**а)** во случај на термин за преговори различен од првиот, следните преговори со истиот Партнер може да се одржат најрано по одобрувањето на записникот од претходните преговори со цел да се обезбеди извршување на задачите кои се потребни за затворање на претходните преговори;
**б)** за изготвување на распоредот, Македонски Телеком АД ќе го користи првиот термин од слободните термини за преговори избрани од страна на Партнерот согласно претходно наведената Точка III.3.2.3.

**III.3.2.6** Доколку од која било причина, следниот термин за преговори предложен од страна на Македонски Телеком АД не е соодветен за Партнерот, тогаш Партнерот ќе го извести Македонски Телеком АД за истото во најкраток можен рок, а Македонски Телеком АД ќе изготви предлог за нов термин за преговори согласно Точките од III.3.2.2 до III.3.2.5.

**III.3.2.7** Доколку ниту еден од термините за преговори избрани од страна на Партнерот не е соодветен за Македонски Телеком АД поради сличен ангажман со друг Телефонски Мрежен Оператор, тогаш Македонски Телеком АД ќе изготви предлог за нов термин за преговори согласно Точките од III.3.2.2 до III.3.2.5.

**III.3.2.8** Доколку Страните се уште не се договориле за конечната содржина на записникот од претходните преговори и не може да се постигне согласност за истото пред терминот кој е закажан за следните преговори, тогаш Македонски Телеком АД ќе изготви предлог за нов термин за преговори согласно Точките од III.3.2.2 до III.3.2.5.

### III.3.3 Место на преговори за склучување на договор

Македонски Телеком АД и Партнерот наизменично ќе изготвуваат предлог за местото за преговори за склучување на договор.

### III.3.4 Записник од преговорите

**III.3.4.1** Записникот од преговорите секогаш го води Страната која го дава предлогот за местото за одржување на преговорите.

**III.3.4.2** Страната која го води записникот од преговорите ќе изготви нацрт записник во рок од 5 (пет) дена и ќе го достави истиот до другата Страна за забелешки.

**III.3.4.3** Во рок од 5 (пет) дена по приемот другата Страна

**а)** го одобрува нацрт записникот од преговорите со потпишување на истиот и негово враќање за потпис до другата Страна, при што записникот е заеднички одобрен со потпишување од двете Страни, или

**б)** го враќа записникот од преговорите до Страната која го изготвила со свои забелешки.

**III.3.4.4** Во случајот кој е дефиниран во Точка III.3.2.8, Страните се договараат за конечната содржина на записникот од преговорите и го потпишуваат во најкраток можен рок.

### III.3.5 Затворање на преговорите за склучување на договор и почеток на обезбедување на Услуги

**III.3.5.1** Во случај на успешно затворање на преговорите за склучување на договор, Страните потпишуваат Договор За Интерконекција.

**III.3.5.2** Македонски Телеком АД ќе започне со обезбедување на Услугите на првата заеднички договорена Интерконекциска Точка во рок не подолг од 60 (шеесет) дена од стапувањето на сила на Договорот За Интерконекција, доколку процедурата за Тестови За Примопредавање е успешно завршена согласно Точка V.4.

## IV. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ИНТЕРКОНЕКЦИЈА

### IV.1 Модел на Интерконекција

**IV.1.1** Македонски Телеком АД има структура на Мрежа во две нивоа. Интерконецијата е обезбедена на Мрежата на Македонски Телеком АД на следните нивоа:

**а)** Интерконекција со 3 (три) Регионални Точки На Присуство На Македонски Телеком АД (точки на поврзуваење на прво ниво);

**b)** Интерконекција со која било од 15 (петнаесетте) Локални Точки На Присуство На Македонски Телеком АД (секундарни точки на поврзување доколку Регионална Интерконкециска Точка веќе била имплементирана во истата Регионална Зона).

Доколку Партнерот има намера да бара Услуги За Избор На Оператор, Партнерот треба да има Интерконекција во сите 3 (три) Регионални Зони.

Точките На Присуство На Македонски Телеком АД и подрачјата кои се достапни од нив се наведени во Прилог 2.А (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД).

**IV.1.2** Дополнителните информации кои се потребни за проектирање на Интерконекциските Точки се наведени во Прилог 2.Б (Географски Локации на Регионалните и Локалните Точки на Присуство На Македонски Телеком АД) и во Прилог 2.В (Колокациски Места Понудени од Македонски Телеком АД).

**IV.1.3** Основните Зони на Партнерот се идентични со нумерациските подрачја (нумерациски географски подрачја) дефинирани во Планот За Нумерација.
Регионалните Зони на Партнерот нема да се разликуваат со Регионалните Зони на Македонски Телеком АД, доколку Партнерот не побара поинаку.

### IV.2 Технички решенија за Интерконекција

Општите параметри и барања за имплементација на Интерконекција – во однос на Телефонските Интерконекциски Линкови и Интерконекциските Централи – се наведени во Прилог 4 (Општи Технички Параметри, Услови и Барања).

## V. БАРАЊЕ, НАРАЧУВАЊЕ И СТАВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА

### V.1 Барања и нарачки

#### V.1.1 Видови на барања

Следните видови на барања може да се користат според склучен Договор За Интерконекција:

**а)** Предвидувања:

**и)** Предвидување За Капацитет;
**ии)** Предвидување За Начинот На Интерконекција, и
**иии)** Предвидување За Сообраќај во случај на Почетно Предвидување;

**б)** Барања За Поставување На Услуга:

**и)** Барање За Услуги За Сообраќај;
**ии)** Барање За Избор На Оператор:

**1)** Барање За Поставување На Код За Избор На Оператор, и
**2)** Барање За Поставување На Предизбран Оператор.

#### V.1.2 Термин за поднесување на Барање

Барањата може да се поднесуваат во следните термини:

**а)** Поднесување на предвидувања: квартално, во термините наведени во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови);
**б)** Поднесување на други Барања: по потреба, согласно правилата за обезбедување на контакт дефинирани во Договорот За Интерконекција.

### V.2 Предвидување на барања за капацитет на Телефонски Интерконекциски Линкови и Сигнализациски Кола, нарачување и обезбедување

#### V.2.1 Предвидувања

**V.2.1.1** Во однос на барањата за капацитет на Телефонските Интерконекциски Линкови, барањата доставени од страна на Партнерот до Македонски Телеком АД согласно Точка III.1.2.3 ѓ) и барањата кои се заеднички дефинирани од Страните во времето на потпишување на Договорот За Интерконекција, се наведени во Почетното Предвидување.

**V.2.1.2** Тековното Предвидување дадено во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови) ги посочува барањата на Партнерот за Телефонски Интерконекциски Линк за период од 4 (четири) календарски квартали по неговото поднесување.

#### V.2.2 Изготвување на Распореди За Имплементација

Распоредот За Имплементација ги вклучува распоредите за капацитети за Телефонски Интерконекциски Вод и за Група На Сигнализациски Кола, определени или изменети од страна на Партнерот и усогласени од страна на Македонски Телеком АД според одредбите на Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови).

Распоредот За Имплементација може да биде ажуриран и заеднички одобрен на квартална основа според постапката опишана во Прилог 5 (Предвидување и Нарачување на Телефонски Интерконекциски Линкови).

#### V.2.3 Нарачување и откажување на Телефонски Интерконекциски Линкови и

**Сигнализациски Кола**

### V.2.3.1 Нарачување на предвидени Телефонски Интерконекциски Линкови и откажување на истите

Доколку активностите за обезбедување или надградба на Телефонски Интерконекциски Линк треба да започнат според периодите наведени во валидниот Распоред За Имплементација и периодите за обезбедување/надградба наведени во Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк) дадениот Телефонски Интерконекциски Линк автоматски ќе се смета за нарачан.

Доколку според Распоредот За Имплементација е потребно укинување на Телефонскиот Интерконекциски Линк(ови), тогаш Телефонскиот Интерконециски Линк(ови) автоматски се смета(ат) за откажан(и).

### V.2.3.2 Нарачување и откажување на Сигнализациски Кола

Доколку активностите за обезбедување или надградба на Сигнализациски Кола треба да започнат според периодите наведени во валидниот Распоред За Имплементација и периодите за обезбедување/надградба наведени во Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк) Сигнализацискто Коло автоматски ќе се смета за нарачано.

Доколку според Распоредот За Имплементација е потребно укинување на Сигнализациско Коло (ла), тогаш Сигнализациското Коло (ла), автоматски се смета(ат) за откажан(и).

## V.3 Нарачување и обезбедување на Услуги За Сообраќај и Услуги За Избор На Оператор

### V.3.1 Нарачување на Услуги За Сообраќај

Услугите За Сообраќај и времето на почеток на обезбедување на истите се дадени во Распоредите За Обезбедување На Услуга.

Во рок од 5 (пет) дена од поднесувањето на Барање за Услуга За Сообраќај, се изготвува ажурирана верзија на Распоредот За Обезбедување На Услуга.

### V.3.2 Нарачување на Услуги За Избор На Оператор

### V.3.2.1 Нарачување на Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

**V.3.2.1.1** Нарачување на Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор резултира со автоматско нарачување на Услуги За Оригинирање На Повик. Нарачувањето на Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор е важечка само доколку е бараното рутирање е специфицирано.

Барањето За Поставување На Код За Избор На Оператор го вклучува Кодот На Оператор доделен од на АЕК.

**V.3.2.1.2** Обезбедувањето на Услуга За Оригинирање На Повик од дадени Претплатнички Пристапни Точки може да биде одбиено во следните случаи:

**а)** ако не постои важечки потпишан Претплатнички Договор со Претплатникот за конкретната Претплатничка Пристапна Точка, или
**б)** ако Претплатникот го има прекршено важечкиот Претплатникчки Договор склучен со Телефонскиот Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник, или
**в)** доколку Претплатникот има Претплатнички Договор за бенифициран тарифен пакет, или
**г)** доколку Барањето е спротивно на важечкиот Претплатнички Договор.

### V.3.2.2 Нарачување на Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

**V.3.2.2.1** Доколку Претплатникот на едната Страна – која е во улога на Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник – има намера да користи Услуги за Локални Повици, Меѓумесни Повици, Повици Од Фиксна Кон Мобилна Телефонија и/или Меѓународни Повици од другата Страна како предефинирано поставување, другата Страна ќе бара од

Претплатникот да ја потпише Изјавата Од Претплатникот дадена во Додаток I.Г (Формулар за Изјава Од Претплатник) за побараната Претплатничка Пристапна Точка(и) пред да се нарача Услугата За Поставување На Предизбран Оператор.

**V.3.2.2.2** Листата на Претплатници прикажани во Барањето За Поставување На Предизбран Оператор ќе се провери во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на Барањето.

**V.3.2.2.3** Обезбедувањето на Услуга За Поставување На Предизбран Оператор може да биде одбиено во следниве случаи:

**а)** ако не постои важечки потпишан Претплатнички Договор со Претплатникот; или
**б)** ако Страната Барател не може да приложи потпишана Изјава од Претплатникот за бараните Услуги; или
**в)** ако Претплатникот го има прекршено важечкиот претплатникчки договор склучен со Телефонскиот Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник во времето на добивање Барање За Поставување На Предизбран Оператор; или
**г)** ако Претплатникот има Претплатнички Договор за бенифициран тарифен пакет; или
**д)** ако барањето е спротивно на важечкиот Претплатнички Договор.

**V.3.2.2.4** Барањата за Поставување на Предизбран Оператор се добиваат од модулот „Големопродажен екстранет модул за предизбор” на Македонски Телеком АД.

### V.4 Процедура за примопредавање

### V.4.1 Тестови За Примопредавање

Тестовите За Примопредавање ги вклучуваат следниве тестови:

**а)** Тестови За Усогласеност;
**б)** Тестови За Интерконекција;

**и)** Тестови За Системи За Пренос За Интерконекција; и
**ии)** Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција;

**в)** Тестови За Проширување На Капацитет За Интерконекција;

**и)** Тестови За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција; и
**ии)** Тестови За Проширување На Системи За Комутација За Интерконекција;

**г)** Услуга За Отпочнување На Тестови;

Тестовите извршени во текот на Тестовите За Примопредавање се прикажани во Прилог 6 (Опис на Тестови За Примопредавање).

### V.4.2 Потреба од Тестови За Примопредавање

**V.4.2.1** Тестови За (Проширување На) Системи За Комутација За Интерконекција ќе се спроведуваат во следниве случаи:

**а)** пред првата Интерконекција на Интерконекциската Централа на Партнерот, која е од одреден тип и хардверска и софтверска конфигурација, со мрежата на Македонски Телеком АД и со секоја нова Интерконекциска Точка;
**б)** во случај на било каква промена во хардверот на Интерконекциската Централа каде што истиот се користи за прв пат по Интерконекцијата со Мрежата на Македонски Телеком АД и/или на Мрежата на Партнерот и влијае на системот за сигнализација за Интерконекција;
**в)** пред вчитувањето на нов софтвер или нова верзија на софтвер во Интерконекциската Централа каде софтверот или верзијата на софтверот се користи за прв пат по Интерконекцијата со Мрежата на Македонски Телеком АД и/или на Мрежата на Партнерот и влијае на системот за сигнализација за Интерконекција; и
**г)** во случај на новововедена Услуга каде што параметрите на системот за сигнализација, кои сеуште не се тестирани, исто така ќе се користат.

Во горенаведените случаи од б) до г) Тестовите За (Проширување На) Системи За Комутација За Интерконекција ќе се спроведат со содржина која е оправдана со потенцијалните влијанија од промената.

**V.4.2.2** Тестовите За (Проширување На) Системи За Пренос За Интерконекција ќе се спроведат за секој Телефонски Интерконекциски Линк пред започнување на услугата.

### V.4.3 Неопходни временски периоди за извршување на Тестовите За Примопредавање

**V.4.3.1** Тестовите За Примопредавање ќе започнат во рок од 30 (триесет) дена од склучувањето на договорот доколку се исполнети сите услови согласно Законот за градење и условите од член 150 од ЗЕК за инсталацијата на Телефонските Интерконекциски Водови.

**V.4.3.2** Следниве табели ги покажуваат потребните периоди за спроведување на Тестовите За Примопредавање:

**а)** за воспоставување на нови Интерконекциски Точки:

| **Тест за Примопредавање** | **Максимално потребно време** |
|---|---|
| Координација, изготвување на распоред за тестирање | 6 работни дена |
| Тестови За Системи За Пренос За Интерконекција | 7 работни дена |
| Тестови За Системи За Комутација За Интерконекција | 20 работни дена |
| Тест За Отпочнување На Услуга | 3 работни дена |

**б)** за зголемување на капацитетот на веќе воспоставените Интерконекциски Точки:

| **Тест за Примопредавање** | **Максимално потребно време** |
|---|---|
| Координација, изготвување на распоред за тестирање | 4 работни дена |
| Тестови За Проширување На Системи За Пренос За Интерконекција | 7 работни дена |
| Тестови За Проширување На Системи За Комутација За Интерконекција | 7 работни дена |
| Тест За Отпочнување На Услуга | 3 работни дена |

**V.4.3.3** Во случај на успешни Тестови За Примопредавање Македонски Телеком АД ќе започне со обезбедување на услугата на првата Интерконекциска Точка во рок од 60 (шеесет) дена од склучувањето на договорот.

**V.4.3.4** Доколку Македонски Телеком АД не може да ги започне Тестовите За Примопредавање на датумот кој е утврден во Распоредот За Имплементација поради пропуст на Партнерот или доколку Македонски Телеком АД не може да ги продолжи или да ги затвори Тестовите За Примопредавање согласно Распоредот За Имплементација, тогаш Партнерот ќе бара нов термин од Македонски Телеком АД кој ќе биде утврден од страна на Македонски Телеком АД имајќи ги во предвид и сличните обврски на Македонски Телеком АД кон другите Телефонски Мрежни Оператори.

### V.4.4 Надоместоци за Тестовите За Примопредавање

Трошоците за Тестот За Усогласеност – спроведен од страна на Партнерот или од производителот - ќе ги сноси Партнерот надвор од делокругот на Договорот За Интерконекција.

Партнерот ќе му ги плати на Македонски Телеком АД Надоместоците наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) за услугите, кога истите ќе бидат направени за Тестовите За Системи За Комутација За Интерконекција.

## V.5 Започнување на сообраќај и фактурирање

### V.5.1 Прифаќање на Услуги

Прифаќањето на Услугите не може да се одбие од Страната Барател доколку Услугата е во согласност со условите наведени во Договорот за Интерконекција. Страната Барател е должна да ги предаде Услугите во најкус можен рок.

### V.5.2 Телефонски Интерконекциски Линкови

Одреден Телефонски Интерконекциски Линк се смета за технички подготвен за обезбедување на услуга по издавање на релевантната Изјава За (Проширување На) Системи За Пренос За Интерконекција од страна на Македонски Телеком АД. Од тој датум Македонски Телеком АД може да фактурира за обезбедувањето и работењето на одредениот Телефонски Интерконекциски Линк.

### V.5.3 Услуга За Сообраќај и Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор

Одредена Услуга За Сообраќај и Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор се смета за комерцијално спремна за обезбедување од датумот наведен во релевантната Изјава За Отпочнување На Услуга. Од тој датум дадената Услуга За Сообраќај и Услуга За Поставување На Код За Избор На Оператор може да се фактурираат.

### V.5.4 Услуга За Поставување На Предизбран Оператор

Техничката измена која е потребна на дадената Претплатничка Пристапна Точка за поставување на Предизбран Оператор ќе се изврши во рок од 10 (десет) работни дена – ако проверката наведена во точка V.3.2.2 е завршена со позитивен резултат – и другата Страна и засегнатитот Претплатник ќе бидат известени за тоа по писмен пат или на некој друг начин што може да се потврди.

## VI. УПРАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА ГРЕШКИ

### VI.1 Општи обврски за управување и одржување

Страните се обврзуваат да работат континуирано (7 дена во неделата, 24 часа на ден) на доделените системи за надгледување на мрежа за да го следат статусот на сопствените Мрежи.

Во однос на имплементацијата на Интерконекцијата, двете Страни ќе бидат одговорни за управуањето и одржувањето од нивната сопствена страна до соодветната Интерконекциска Точка.

### VI.2 Извршување на предвиденото Планирано Одржување

Со цел да се обезбеди исполнување на целите за Достапност утврдени во Договорот за Интерконекција и извршувањето на развојот Страните ќе извршуваат Планирано Одржување како составен дел од работењето.

Процесот на подготовки и соработка во врска со Превентивно Одржување е прикажан во Прилог 7.А (Планирано Одржување).

### VI.3 Обврски за отстранување на грешки

Двете страни ќе обезбедат функционирање на континуирана услуга за управување со грешки 24 (дваесет и четири) часа на ден, 365/366 (триста шеесет и пет/триста шеесет и шест) дена во годината со цел да обезбедат отстранување на грешките поврзани со Интерконекцијата.

Процесот на отстранување на грешки е прикажан во Прилог 7.Б (Управување со Грешки).

### VI.4 Барања за квалитет

Поставените цели за квалитет за обезбедените Услуги и бараните цели за квалитет за Услугите со идентична содржина обезбедени од Партнерот се прикажани во Прилог 3 (Опис на Услуги).

## VII. КЛУЧНИ ДОГОВОРНИ УСЛОВИ

### VII.1 Пресметка, фактурирање и плаќање

#### VII.1.1 Пресметка

Надоместот За Услуга ќе се пресметува помеѓу Страните на месечна основа со следниот преглед на надоместоци кои треба да се наплатат за дадениот месец (или да се наплатат за периодот пред дадениот месец, а с#уште не се фактурирани):

**а)** Надоместоци За Сообраќај;
**б)** Еднократни Надоместоци; и
**в)** Месечни Надоместоци.

Еднократниот Надомест ќе се плаќа на Давателот На Услуги при првата употреба на Услугата така што оваа ставка е прикажана само во соодветната месечна пресметка.

Создавањето на податоците кои се користат за пресметување на Надоместот За Услуга и основните принципи на пресметување на Надоместот За Услуга се прикажани во Прилог 8.В (Пресметување на Надоместоци За Услуги).

#### VII.1.2 Фактурирање

**VII.1.2.1** Фактурите за Надоместоците За Сообраќај се испраќаат најрано на третиот работен ден кој следи по дадениот месец.

Фактурите за Месечните Надоместоци се испраќаат најрано на третиот работен ден од дадениот месец.

Фактурите за Еднократен Надомест се испраќаат најрано на првиот работен ден кој следи по почетокот на Услугата.

**VII.1.2.2** Фактурирањето и наплатата на Претплатничките Надоместоци не се предмет на Договорот За Интерконекција.

Независно од Договорот за Интерконекција Страните сами ќе

**а)** ги одредуваат нивните соодветни Претплатнички Тарифи; и
**б)** им издаваат сметки на нивните Претплатници (и го наплаќаат Претплатничкиот Надомест од нив) со кои имаат склучено Претплатнички Договор.

#### VII.1.3 Плаќање

#### VII.1.3.1 Компензација

Фактурите (со вклучен ДДВ) издадени за Услугата се плаќаат првенствено преку Компензација на меѓусебните фактури за дадениот месец. Компензацијата може да се применува за фактурите добиени до 20 (дваесеттиот) ден од дадениот месец, за износот прифатен од двете Страни.

Во случај на Компензација во различен износ од оној прифатен од двете Страни, Страната којашто е корисник на банкарската гаранција има право да го наплати своето побарување,

произлезено од Компензација на фактури надвор од договор, со активирање на банкарската гаранција.

### VII.1.3.2 Рок на плаќање

Износите кои се должат треба да се платат во рок од 20 (дваесет) календарски денови од приемот на фактурата преку трансфер на истите на бројот на банкарската сметка назначен на фактурата. Датумот кога износот ќе биде прокнижен на банкарската сметка на Страната прималел ќе се смета за датум на плаќање.

### VII.1.3.3 Задоцнето плаќање

Доколку Страната која има обврска за плаќање не го оспори износот на доставената фактура и не го изврши плаќањето до крајниот рок за плаќање на фактурираниот износ – или износот кој што треба да се доплати по Компензацијата – ќе се пресметува затезна камата за задоцнувањето, започнувајќи од првиот ден по истекот на рокот за плаќање, на заостаниот износ во согласност со одредбите од Законот за облигациони односи, пресметана во согласност со Законот за висината на стапката на затезна камата. Таквата камата ќе се наведе како посебна ставка во фактурата од следниот месец.

### VII.1.3.4 Банкарска гаранција

#### VII.1.3.4.1 Обезбедување на банкарска гаранција

Предуслов за стапување во сила на Договорот За Интерконекција е обезбедување на банкарска гаранција од страна на Партнерот која е безусловна, неотповиклива и може веднаш да се активира – исплатива на првично барање на МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД, како корисник, со важност за период од 1 (една) година.

Комерцијалната банка која ќе ја обезбеди банкарската гаранција треба да биде финансиска институција која работи во согласнот со Законот за банка (Службен весник на РМ бр. 63/00, 103/00, 37/02, 51/03, 85/03) со седиште во Република Македонија и со “А” или повисок кредитен рејтинг (издаден од Moody’s или од S&P).

До 31.12.2006 година, доколку банката нема кредитен рејтинг, банкарската гаранција треба да биде издадена од следниве банки:

- **а)** Комерцијална банка АД Скопје;
- **б)** Тутунска банка АД Скопје;
- **в)** Стопанска банка АД Скопје;
- **г)** Стопанска банка АД Битола;
- **д)** Охридска банка АД Охрид;
- **ѓ)** ПроКредит банка АД Скопје.

Формуларот за банкарска гаранција е даден во Додаток I.Д (Формулар за Банкарска Гаранција).

#### VII.1.3.4.2 Одредување на износот на банкарската гаранција

Износот на банкарската гаранција претставува Надомест За Услуги плус ДДВ што треба да се исплати на Македонски Телеком АД за период од првите 4 (четири) месеци од стапувањето на сила на Договорот За Интерконекција до првото ревидирање на износот на банкарската гаранција.

Постапката за идентификување на Страната која има обврска да обезбеди банкарска гаранција и определувањето на износот на банкарската гаранција се дадени во Прилог 8.Г (Услови за Обезбедување и Обновување на Банкарска Гаранција).

#### VII.1.3.4.3 Редовно ревидирање на износот на банкарската гаранција

Износот на банкарската гаранција треба да се ревидира од Страните на месечна основа почнувајќи од 5 (петтиот) месец по стапувањето на сила на Договорот За Интерконекција.

Процедурата за редовно ревидирање на банкарската гаранција е дадена во Прилог 8.Г (Услови за Обезбедување и Обновување на Банкарска Гаранција).

#### VII.1.3.4.4 Активирање на банкарска гаранција

Страната корисник може да ја активира банкарската гаранција

**а)** во случајот наведен во точка VII.6.3 а) иии); или
**б)** во случајот наведен во точка VII.1.3.1; или
**в)** во случај на раскинување на Договорот За Интерконекција во согласност со точка VII.6.1 и доколку обврзаната Страна не ги исполни обврските за плаќање поврзани со раскинување на Договорот За Интерконекција.

Во таков случај, Страната корисник може да ја активира банкарската гаранција и да го подигне износот на фактурите кои се доспеани а не се платени од Страната обврзана да обезбеди банкарска гаранција.

Доколку банкарската гаранција делумно или во целост се активира, Страната обврзана да обезбеди банкарска гаранција ќе ја обнови истата во рок од 15 (петнаесет) календарски денови, или ќе обезбеди нова банкарска гаранција, на таков начин што обновената или новата банкарска гаранција ќе биде усогласена во однос на износот и важноста со барањата наведени во точка VII.1.3.4.

### VII.1.4 Приговор по фактура

#### VII.1.4.1 Поднесување на приговор по фактура

**VII.1.4.1.1** Приговор по фактура може да се поднесе само за формата на фактурата и за ставка(и) од фактурата.

**VII.1.4.1.2** Доколку Страната Баратeл има било каков приговор во врска со формата на применатa фактура треба да поднесе писмен приговор до Давателот на Услуги истовремено со враќање на оригиналната фактура.

**VII.1.4.1.3** Доколку Страната Барател има приговор во врска со ставка(и) од фактурата треба да поднесе писмен приговор до Давателот на Услуги без враќање на оригиналната фактура.

**VII.1.4.1.4** Во врска со фактури кои се веќе платени, приговор за ставка(и) од фактурата не може да се поднесе после 12 (дванаесет) месеци по приемот на фактурата.

**VII.1.4.1.5** Страната Барател може да поднесе – до 10 (десеттиот) ден од приемот на фактурата – приговор за фактурата кој влијае на износот кој треба да се плати до датумот на плаќање на оригиналната фактура. Приговорот поднесен после тој период нема да влијае на износот кој треба да се плати до датумот на плаќање.

#### VII.1.4.2 Обврска за плаќање во случај на приговор по фактура

**VII.1.4.2.1** Поднесениот приговор не дава право да се одбие плаќање на прифатениот дел од фактурата.

**VII.1.4.2.2** По завршување на процедурата опишана во Прилог 8.Д (Решавање на Приговори по Сметки) Давателот на Услуги пресметува камата за износите кои биле оспорени, а се потврдени како точни. Пресметувањето на каматата ќе започне од денот на доспевање на фактурата со оспорените износи. Пресметката на износот на каматата е прикажана во Точка VII.1.3.3.

**VII.1.4.2.3** По завршување на процедурата опишана во Прилог 8.Д (Решавање на Приговори по Сметки) Давателот на Услуги ќе го вклучи во фактурата за следниот месец износот за кој дополнително е утврдено дека треба да се плати плус каматата по тој износ утврдена во согласност со Точка VII.1.3.3.

## VII.2 Ограничувања на Услуга(и)

### VII.2.1 Прекин на Услуга(и)

**VII.2.1.1** Делумен или целосен прекин на Услуги е дозволен во следниве случаи:

**а)** во случај на виша сила (делумен или целосен прекин во зависност од околностите); или
**б)** во случај на Планирано Одржување (делумен прекин во согласност со најавениот обем наПланирано Одржување).

**VII.2.1.2** Во случајот дефиниран во точка VII.2.1.1 а) погоре, по престанокот на околностите на виша сила Давателот На Услуги

**а)** веднаш ќе почне со повторно активирање на прекинатата Услуга(и); и
**б)** ќе почне со обезбедување на прекинатата Услуга(и) колку што е можно побрзо.

**VII.2.1.3** Во случајот дефиниран во точка VII.2.1.1 б) погоре, работите за Планираното Одржување може да започнат само во време и услови што се претходно договорени од Страните. Периодот на прекин на одредената Услуга(и) не смее да надминува 6 (шест) часа.

**VII.2.1.4** Прекинувањето на Услугата нема да влијае на континуитетот на правниот однос меѓу Страните.

Пропорционалниот дел од Надомест За Услуга нема да се фактурира за периодот на привремен прекин на услугата.

### VII.2.2 Привремено исклучување

**VII.2.2.1** Доколку било која од Страните го загрози интегритетот на Мрежата на другата Страна во било која Интерконекциска Точка, засегнатата Страна може привремено да ја исклучи Мрежата на Страната која го предизвикува загрозувањето на дадената Интерконекциска Точка.

**VII.2.2.2** Доколку некоја од Страните ја прекрши својата обврска за плаќање на надоместоците во согласност со Договорот За Интерконекција и засегнатата Страна се повика на тоа, со одредување на рок од 30 (триесет) дена, посочувајќи ги правните последици за да прекине прекршувањето на договорот и рокот истече без резултати, засегната Страна може привремено да ја исклучи Мрежата на Страната која го предизвикува нарушувањето.

**VII.2.2.3** Доколку при ревидирањето на банкарската гаранција се утврди дека Страната обврзана за обезбедување на банкарска гаранција има обврска да го измени или обнови износот на банкарската гаранција во согласност со точка VII.1.3.4.3, но Страната обврзана за обезбедување на банкарска гаранција не ја исполнила својата обврска да ја измени или обнови банкарската гаранција во рок од 30 (триесет) дена, засегнатата страна може привремено да ја исклучи Мрежата на Страната која го предизвикува загрозувањето.

**VII.2.2.4** Во случаите наведени во претходните точки, Страната која го предизвикува загрозувањето ќе и надомести на Засегнатата Страна за

**а)** штетата предизвикана од загрозувањето и
**б)** настанатите трошоци за исклучување и повторно вклучување

## VII.3 Прекршување на договорот и правни последици

### VII.3.1 Прекршување на договор

Прекршување на договор значи неисполнување или делумно исполнување на обврските од Договорот За Интерконекција од било која од Страните.

### VII.3.2 Општи правни последици

**VII.3.2.1** Покрај примената на посебни правни последици заради неисполнувањето или делумното исполнување на обврските на Страните, правилата за надомест на штета предизвикани на другата Страна ќе се определат според релевантните општи одредби на Законот за облигациони

односи.

**VII.3.2.2** Страната што ја предизвикува штетата нема да надомести никаква загуба на приход или профит или компензација за трошоци кои другата Страна ги претрпела во врска со отстранување на финансиски или нефинансиски загуби, без оглед на предвидливоста на таквата штета. Ваквите ограничувања нема да се применуваат на штета предизвикана од крајно невнимание или свесна небрежност.

### VII.3.3 Пенали

#### VII.3.3.1 Пенали за задоцнување

Доколку Давателот На Услуги не почне да обезбедува Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк по своја вина на датумот одреден во Распоредот За Имплементација, основата за пресметување на казната за задоцнување ќе биде пет пати поголема од Месечниот Надомест за Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк. Износот на казната ќе биде еднакво на 0,3% од основата на казната за секој ден. На барање на Страната Барател, Давателот На Услуги ќе ја надомести казната.

Давателот на Услуги е одговорен само доколку задоцнувањето е предизвикано по негова грешка и Давателот На Услуги ќе биде ослободен од обврската за плаќање на казна, ако може да докаже дека направил напор да го избегне задоцнувањето како што може да се очекува во такви ситуации.

Давателот На Услуги не е одговорен за извршување на работата со задоцнување доколку истото е предизвикано од задоцнување за кое е одговорна Страната Барател. Во таков случај, Давателот На Услуги може да определи нов рок за извршување на неговите договорни обврски во однос на задоцнувањето предизвикано од Страната Барател и нема да плаќа казна до новиот рок.

#### VII.3.3.2 Пенали за несоодветен квалитет

Доколку во дадена година, Годишната Достапност на Услугата За Телефонски Интерконекциски Линк обезбедена од Давателот На Услуги е пониска од дадената во Прилог 3.А (Опис на Услуга За Телефонски Интерконекциски Линк), на барање на Страната Барател, Давателот На Услуги ќе го намали износот на насобраните Месечни Надоместоци за Услугата За Телефонски Интерконекциски Линк на годишно ниво за ист процент како и процентот на намалување на Годишната Достапност (на пр. 1% намалување на износ за 1% намалување на Годишната Достапност). Намалувањето треба да се направи во првиот месец од следната година. Доколку намалениот износ го надмине фактурираниот доспеан износ, намалувањето ќе продолжи во сите последователни фактури додека целиот износ кој треба да се намали е порамнет.

Доколку траењето на Планираното Одржување што го извршува Страната одговорна за Планирано Одржување го надмине максималниот период дефиниран во точка VII.2.1.3, Страната што ги извршува работите за Планирано Одржување, на известување на другата Страна, ќе одобри намалување за секој започнат час на прекин на Услугата За Телефонски Интерконекциски Линк што го надминува максималниот период дефиниран во точка VII.2.1.3 во износ кој е три пати повисок од пропорционалниот износ на еден час од Месечен Надомест за Услугата За Телефонски Интерконекциски Линк која е засегната од несоодветното извршување на одржувањето. Намалувањето ќе се направи во првиот месец од следната година.

Давателот На Услуги е одговорен само доколку несоодветното одржување било причинето по негова вина, такашто Давателот На Услуги ќе се ослободи од својата обврска за плаќање, доколку може да докаже дека причината за несоодветното одржување не била по негова вина.

Давателот На Услуги нема да биде одговорен за несоодветното извршување на одржувањето доколку причината за несоодветното извршување на одржувањето е во рамките на одговорноста на Страната Барател, и во таков случај Давателот На Услуги нема да плати казна.

## VII.4 Делокруг на Договорот За Интерконекција

### VII.4.1 Важност

**VII.4.1.1** Договорот За Интерконекција ќе стапи на сила кога

**а)** истиот е потпишан од двете Страни; и
**б)** Страната корисник ја добила банкарската гаранција испратена од Страната обврзана да обезбеди банкарска гаранција.

**VII.4.1.2** Договорот За Интерконекција ќе важи за период од 3 (три) години.

**VII.4.1.3** Договорот За Интерконекција на барање може да се продолжи. Доколку Партнерот, достави 60 (шеесет) дена пред истекот на Договорот За Интерконекција, барање за обновување на Договорот За Интерконекција до Македонски Телеком АД, Страните ќе го изменат Договорот За Интерконекција согласно важечките одредби од МАТЕРИО

**а)** преку продолжување на важноста на Договорот За Интерконекција за уште 1 (една) година, или
**б)** измена на Договорот За Интерконекција на договор на неопределено време.

**VII.4.2 Географско подрачје на примена**

Договорот За Интерконекција ги опфаќа активностите и соработката помеѓу Страните на територијата на Република Македонија.

**VII.5 Измени и дополнувања на Договорот За Интерконекција**

**VII.5.1 Измени и дополнувања на барање на Македонски Телеком АД**

**VII.5.1.1** Доколку Македонски Телеком АД ја измени и дополни МАТЕРИО – со одобрение на АЕК – и измените и дополнувањата влијаат на претходно склучен Договор За Интерконекција, Македонски Телеком АД ќе го достави до Партнерот изменетиот и дополнетиот Договор За Интерконекција во рок од 15 (петнаесет) календарски дена од денот на објавувањето на својата веб страница. Одредбите од изменетата и дополнетата МАТЕРИО имплицитно ќе станат дел од Договорот За Интерконекција. Доколку Партнерот не сака да ги прифати измените и дополнувањата на претходно склучениот Договор За Интерконекција, Партнерот ќе побара раскинување на Договорот во рок од 15 (петнаесет) календарски дена од приемот на измените и дополнувањата.

**VII.5.1.2** Доколку Македонски Телеком АД е ослободен од обврската да објавува Референтна Понуда За Интерконекција и не е повеќе должен да склучува Договор За Интерконекција врз основа на Референтна Понуда за Интерконекција, Македонски Телеком АД има право да го менува и дополнува Договорот За Интерконекција.

**VII.5.1.3** Македонски Телеком АД може да побара од Партнерот

**а)** обезбедување на Интерконекциски Точки доколку сообраќајот до одредена Регионална Зона или Основна Зона го надминува прагот дефиниран во Прилог 2.А (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД) и тоа

**аа)** нови Регионални Интерконекциски Точки за Регионален Мрежен оператор кој нема Регионална Интерконекција со Македонски Телеком АД во 3 (три) Регионални Зони.
**аб)** нови Локални Интерконекциски Точки во случај кога Страната Барател има Интерконкеција со 3 (три) Регионални Точки На Присуство На Македонски Телеком АД.

**б)** измена на капацитетот за Телефонскиот Интерконекциски Линк поради опасност од загушување на сообраќај;

и Партнерот ќе спроведе преговори поврзани со таквите измени и дополнувања на Договорот. Таквите измени и дополнувања на Договорот нема да значат измена и дополнување на МАТЕРИО доколку измените и дополнувањата останат во рамките на делокругот на МАТЕРИО.

**VII.5.2 Измени и дополнувања на барање на било која Страна**

**VII.5.2.1** Било која Страна може да побара измена и дополнување на Договорот За Интерконекција доколку содржината на планираните измени и дополнувања остане во рамките на

важечките закони и МАТЕРИО.

**VII.5.2.2** Доколку било која Страна побара измена и дополнување на Договорот За Интерконекција во поглед на прашање кое не е вклучено во МАТЕРИО и другата Страна не го прифати барањето, Страната која побарала измена и дополнување може да се обрати до АЕК за разрешување на спорот.

**VII.5.2.3** Било која Страна може да побара измена и дополнување на Договорот За Интерконекција доколку АЕК престане да ги идентификува Македонски Телеком АД како оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги и Страните сакаат да го одржат Договорот За Интерконекција со изменети и дополнети услови.

### VII.6 Раскинување на Договор За Интерконекција

#### VII.6.1 Начини на раскинување

Договорот За Интерконекција може да се раскине на следните начини:

**а)** по пат на редовно раскинување, на датумот на истекот на периодот наведен во известувањето за раскинување;
**б)** по пат на вонредно раскинување кое стапува на сила веднаш;
**в)** по пат на меѓусебна спогодба;
**г)** по истекот на дефинираната важност, освен ако Страните не се договорат поинаку;
**д)** по пат на ликвидирање на било која Страна без правен наследник;
**ѓ)** доколку ист субјект стане и овластена и обврзана Страна;
**е)** доколку Македонски Телеком АД не се повеќе оператор на јавна комуникациска мрежа со значителна пазарна моќ на пазарот на фиксни говорни телефонски услуги и било која Страна не сака да го одржи Договорот За Интерконекција во форма изменета и дополнета согласно точка VII.5.2.3, на 60 (шеесетиот) ден по стапување на сила на одлуката;
**ж)** во случај на виша сила во траење од повеќе од 3 (три) месеци.

#### VII.6.2 Редовно раскинување

**VII.6.2.1** Доколку Договорот За Интерконекција се измени во договор на неопределено време согласно точка VII.4.1.3 б), Договорот За Интерконекција на неопределно време може да се раскине со претходно известување од најмалку 6 (шест) месеци.

Договорот За Интерконекција може да се раскине по пат на писмено известување доставено до другата Страна.

**VII.6.2.2** Во случај на раскинување согласно точка VII.6.2.1, по приемот на известувањето за раскинување било која Страна во писмена форма може да побара од другата Страна да спроведе bona fide преговори – врз основа на обврската за склучување на договор на другата Страна – за склучување на нов Договор За Интерконекција.

**VII.6.2.3** По приемот на известувањето согласно точка VII.6.2.2 Страните ќе спроведат bona fide преговори за склучување на нов Договор За Интерконекција – во согласност со МАТЕРИО и нивната обврска да склучуваат договор – со цел да осигурат дека нов Договор За Интерконекција е склучен со датумот на раскинување на претходниот Договор За Интерконекција.

#### VII.6.3 Вонредно раскинување

**а)** Договорот За Интерконекција може да го раскине било која Страна по пат на вонредно раскинување во следните случаи:

**аа)** постапка за ликвидација или стечај е започната против другата Страна; или
**аб)** другата Страна повеќе нема (го губи) право за користење на Електронска Комуникациска Мрежа; или
**ав)** другата Страна не ја исполнила својата обврска за плаќање која произлегува од Договорот За Интерконекција и засегнатата Страна побарала Страната која направила прекршок да

престане со прекршувањето на договорот во рок од 30 (триесет) календарски денови, со потсетување на правните последици, и другата Страна не го направила истото; или

**аг)** во тек на ревидирање или обновување на банкарската гаранција, обезбедена од другата Страна се утврди дека другата Страна треба да го измени или обнови износот на банкарката гаранција согласно Прилог 8.Г (Услови за Обезбедување и Обновување на Банкарска Гаранција) и другата Страна не ја исполни својата обврска да ја измени или обнови банкарската гаранција во период од 30 (триесет) календарски денови од дадениот краен рок; или

**ад)** другата Страна го загрози интегритетот на Мрежата.

**б)** Договорот За Интерконекција може да го раскине Македонски Телеком АД, доколку Партнерот не ја исполни својата обврска да воспостави нови Интерконекциски Точки како што е дефинирано во Точка 2.3 од Прилог 2.А (Регионални и Основни Зони на Македонски Телеком АД) во рок од 90 (деведесет) дена од приемот на известувањето од страна на Македонски Телеком АД.

**в)** Договорот За Интерконекција може да го раскине Телефонски Мрежен Оператор Кој Обезбедува Пристап На Претплатник со стапување на сила веднаш – како дополнение на горенаведеното – доколку другата Страна не ги исполни минималните барања за квалитет и стапка на успешност на Повиците пренесени помеѓу Страните и доколку преговорите се неуспешни.

### VII.6.4 Меѓусебна спогодба

Страните можат во било кое време да го раскинат Договорот За Интерконекција со меѓусебна спогодба во писмена форма.